Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-356/1
Датум: 30.3.2026

Постапувајќи по претставка бр. 08-659/1 од 10.9.2025 година поднесена од ---- и претставката бр. 08-748/1 од 24.10.2025 година од ---- против ---- за заштита од дискриминација врз основа на политичко уверување во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, врз основа на член 21, став 1 точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Р.С. Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020) го донесе следното

# **М И С Л Е Њ Е**

**СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основ на политичко уверување во областа на работата и работните односи од страна на ---- кон ---- и ----.

## **О б р а з л о ж е н и е**

На 10.9.2025 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше поднесена претставка за заштита од дискриминација од страна на подносителката ---- против нејзиниот работодавач ---- врз основа на политичко уверување. На 24.10.2025 година беше поднесена претставката за заштита од дискриминација против истиот потенцијален дискриминатор, исто така во областа на работата и работните односи и врз основа на политичко уверување од страна на подносителката ----. Имајќи предвид дека двете претставки се однесуваат на иста правна работа и против истиот работодавач, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ги спои двете постапки во една.

Во претставката поднесена од ---- се наведува дека најпрвин по доаѓањето на новата в.д. директорка на ----, подносителката била распоредена од службата за итна медицинска помош во службата за офталмологија. Решението за распоредување било донесено без образложение, без наведена потреба и без утврден временски период. Таа го оспорила решението пред надлежната второстепена комисија, која пак истото го поништила. Иако установата го примила актот на второстепената комисија на 5.2.2025 година, подносителката не била вратена на претходното работно место, туку продолжила да работи во ---- без ново решение. Подоцна бил донесен нов акт за распоредување по истекот на законскиот рок од 30 дена, што било утврдено како пропуст од страна на Државниот управен инспекторат.

По добивањето на решението за поништување на решението за распоредување (5.2.2025), подносителката поднела барање за користење годишен одмор за периодот 3.3–5.3.2025 година. Наместо решение, на 28.02.2025 добила известување дека барањето

за годишен одмор не се одобрува, поради тоа што имала неискористени слободни денови. По извршен инспекциски надзор од страна на инспекторатот за труд и управниот инспекторат било утврдено дека установата постапила спротивно на закон, бидејќи наместо формално решение доставила само известување.

Поради сомневање за дискриминаторско постапување, подносителката поднела барање за информации од јавен карактер со цел да утврди дали ваквото постапување е општа пракса или е насочено селективно. Таа побарала податоци за:

- бројот на вработени кои имаат право на слободни денови поради евидентирана, но неисплатена прекувремена работа и
- дали има вработени на кои им бил одбиен годишен одмор поради неискористени слободни денови во периодот 1.1.2025 – 10.3.2025 година.

Институцијата одбила да ги достави овие информации, повикувајќи се на одредби од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Со оглед дека решението за распоредување било поништено од второстепениот орган, подносителката побарала исплата на надоместоците кои не ги добила поради незаконското распоредување. До моментот на поднесување на претставката, не добила одговор.

Подносителката тврди дека сите овие дејствија претставуваат незаконско и дискриминаторско постапување од страна на раководството на ----, насочено лично кон неа поради различни политички убедувања. Во претствката наведува дека таа и директорката на установата членуваат во различни политички табори. Во оваа насока во претставката е наведено и дека причина за таквото постапување кон неа е фактот што нејзиниот син има директно поличитичко учество. Таа наведува дека претрпела штета преку незаконско распоредување, оневозможување на користење годишен одмор и неисплатени надоместоци, како и преку одбивање да ѝ се достават бараните информации.

Во прилог кон претставката беа доставени следните прилози:

- Одговор на барање на информации од јавен карактер на ----;
- Известување на ----;
- Решение на Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен со ---- и
- Известување на Државен управен инспекторат со бр. ----.

Втората претставка поднесена од ---- против ---- се однесува на идентична правна ситуација како во првата претставката. Во оваа претставка се наведува дека во септември 2024 година, по назначувањето на новата директорка на ----, биле донесени решенија за преместување на две ---- од ---- на други одделенија. И двете биле членови

на политичката партија ----. Против овие решенија тие поднеле жалба до второстепена комисија, која по шест месеци одлучила во нивна корист и ги поништила решенијата за распоредување. Но, и покрај тоа што решенијата биле поништени, подносителката наведува дека ниту таа ниту другата ---- не биле вратени на своите претходни работни места. Дополнително, во период од повеќе од 50 дена не било донесено ново решение за распоредување, поради што тие извршувале работни задачи без писмено овластување, а тое според нив претставува сериозен пропуст со оглед на природата на работата во ---- установа.

Подносителката понатаму истакнува дека и двете поднеле барања за користење на годишен одмор, кои биле одбиени со известување, наместо со формално решение. Како причина било наведено дека имаат неискористени слободни денови по основ на прекувремена работа. Според наводите, ваквото постапување било утврдено како неправилност при надзор од инспектор за труд и управен инспектор.

Во претставката се нагласува дека и двете ---- работеле на ----, биле преместени веднаш по доаѓањето на новата директорка, поднеле жалби кои биле уважени од второстепен орган, но и покрај тоа не биле вратени на претходните работни места. Во меѓувреме, повеќе од 50 дена работеле на други позиции без писмен акт за распоредување, а нивните барања за користење годишен одмор биле одбивани со акт кој не претставува законско решение.

Дополнително, подносителката наведува дека поднеле барања за информации од јавен карактер со цел да утврдат дали и други вработени имаат прекувремена работа која може да се користи како слободни денови, но на тие барања не добиле одговор. Со претставката се бара надлежната институција да ги испита околностите поврзани со преместувањата, одбивањето на годишен одмор, како и непостапувањето по барањата за информации од јавен карактер, со цел да се утврди дали во конкретниот случај станува збор за дискриминација по основ на политичко уверување.

Во прилог на оваа претставка беа доставени следните докази:

- Решение на Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен со ----;
- Известување по вршење на вонреден инспекциски надзор на Државен инспекторат за труд со бр. ---- и
- Копија од членска книшка од партијата ---- на име на подносителката.

Имајќи предвид дека двете претставки се однесуваат на идентична правна работа и против истиот пријавен дискриминатор, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација донесе Заклучок со кој ги спои двете постапки во една.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 24, став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација до ---- достави Барање за произнесување по двете претставки.

---- достави поднесоци за произнесување по претставките. Со истите во однос на **наводите за распоредување на подносителките** од службата за ---- на други работни места во рамките на установата, се истакнува дека распоредувањето било извршено согласно организациските потреби на ---- установа и во согласност со важечките законски и подзаконски прописи. Согласно Уредбата за мрежата на ---- во ----се предвидени пет тима за ---- составени од ----, ---- и ----. За овие тимови установата добива финансиски средства од Фондот ----, при што бројот на тимови е определен согласно бројот на жители во општината. Со оглед дека Општина ---- спаѓа во категоријата општини до 30.000 жители, максималниот број на тимови е пет. Се истакнува дека во конкретниот период, во службата за ---- имало осум извршители на работното место ----, додека во други организациски единици постоеле слободни, односно упразнети работни места. Поради потребата од обезбедување навремено и квалитетно пружање ---- услуги во ----, биле донесени решенија за распоредување на подносителките на работни места ---- во ----, односно ----. Распоредувањето било извршено согласно одредбите од Законот за ----, Законот за вработените во јавниот сектор, Законот за работните односи и Колективниот договор за ----.

Имено, согласно член ---- од Законот за ----, еден од начините за пополнување на слободно работно место е распоредување на ---- работник во рамките на истата ---- установа.

Согласно член ---- од истиот закон, ---- работник кој ги исполнува условите предвидени со систематизацијата може, по потреба на установата, да биде распореден на друго работно место во истата установа.

Според актот за систематизација на работните места во ----, за работните места ----во ----, како и за работните места ---- во ---- и ----, потребно е средно стручно образование и положен стручен испит, за кои услови се наведува дека подносителките ги исполнуваат.

Дополнително, согласно член 30 став 2 од Законот за работните односи и член 21 од Колективниот договор за ----, работникот може да биде распореден на друго работно место кое одговара на неговиот степен на стручна подготовка, особено во случај кога работното место е слободно или упразнето.

Распоредувањето се врши со писмен акт донесен од работодавачот, согласно член 22 од Колективниот договор за ----.

Во врска со **наводите дека распоредувањето било извршено по политички основ**, се истакнува дека истото било направено исклучиво врз основа на организациските потреби на установата и со цел обезбедување непречено функционирање на ---- служби, а не поради политички причини.

Во однос на **жалбите поднесени до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен**, се наведува дека Комисијата ги уважила жалбите и ги поништила решенијата за распоредување, при што предметите биле вратени на повторно постапување и одлучување од страна на ----. Установата постапила согласно член 242 став 2 од Законот за општата управна постапка, според кој, кога второстепениот орган ќе утврди недостатоци во првостепената постапка, предметот се враќа на повторно постапување со насоки за отстранување на утврдените недостатоци.

Во однос на **наводите поврзани со користењето на годишен одмор**, се наведува дека подносителките поднеле барања за користење годишен одмор за одредени временски периоди, по што им било доставено известување дека барањата не се одобруваат. По извршен инспекциски надзор од страна на Државниот инспекторат за труд и Државниот управен инспекторат, утврдените неправилности биле отстранети во законскиот рок, по што на подносителките им било овозможено користење на годишен одмор.

Во однос на **наводите за поднесени барања за информации од јавен карактер**, се наведува дека на подносителките им биле доставени одговори согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, а доколку не биле задоволни од добиените одговори имале право да поднесат жалба до надлежната комисија. Воедно, се наведува дека една од подносителките до установата не поднела барање за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Поради наведено, ---- смета дека наводите изнесени во претставките се неосновани и паушални, поради што се предлага претставките да бидат одбиени како неосновани.

Врз основа на наводите изнесени во претставките и наводите содржани во произнесувањето на работодавачот, се утврдува дека во конкретниот случај постои **директна дискриминација кон подносителките врз основа на нивната политичка припадност**. Имено, подносителките сториле веројатно дека кон нив биле преземени повеќе дејствија со кои се повредени нивните права од работен однос, што е веќе констатирано и во претходните постапки пред надлежни институции. Дополнително, тие укажуваат дека ваквите постапувања започнале **непосредно по доаѓањето на новата директорка на установата**, што укажува на постоење на одреден контекст и околности кои создаваат веројатност дека ваквото постапување е поврзано со нивната **политичка припадност**. Дополнително, постојат и други околности кои упатуваат на можна причинско-последична врска помеѓу третманот на работодавачот кон

подносителките и нивното политичко уверување. Имено, двете подносителки членуваат во политичка партија која е различна од владејачката политичка партија, а воедно постои и директна политичка инволвираност на член од потесното семејство на една од подносителките, односно нејзиниот син. Овие околности, разгледани во контекст на настаните во установата, претставуваат дополнителни индиции кои ја засилуваат веројатноста дека неповолниот третман кон подносителките е поврзан со нивната политичка припадност или политичко уверување. Со тоа, подносителките го сториле веројатно тврдењето за дискриминација врз основа на нивна заштитна карактеристика – политичко уверување, односно политичка припадност.

Согласно правилата за товарот на докажување во постапките за заштита од дискриминација, откако подносителките ќе сторат веројатно дека постои дискриминација, **товарот на докажување преминува на работодавачот**, кој треба да докаже дека различниот третман не се заснова на дискриминаторска основа.

Во конкретниот случај, од произнесувањето на ---- произлегува дека установата **не се осврнува суштински на наводите на подносителките дека повредите на нивните права се резултат на нивната политичка припадност**. Наместо тоа, установата во најголем дел се фокусира на прашањето дали биле прекршени одредени права на подносителките од работен однос, прашање кое веќе било предмет на постапување и утврдување пред други надлежни органи, односно во претходни постапки пред второстепен орган и инспекциски орган. Со ваквиот пристап, ---- фактички не ги побива наводите дека ваквите постапувања се мотивирани од дискриминаторска основа.

Дополнително, во однос на **компараторите**, подносителките се обиделе да обезбедат информации од работодавачот (единствен кој ги поседува тие податоци) за третманот на други вработени во слична положба, меѓутоа тие податоци не им биле доставени. Истовремено, установата имала можност во своето произнесување **сама да ги достави релевантните податоци и информации**, со цел да докаже дека подносителките не биле ставени во понеповолна положба во однос на други вработени и дека не биле таргетирани поради нивната политичка припадност. Сепак, тоа пропуштиле да го сторат во постапката за заштита од дискриминација.

Оттука, имајќи предвид дека подносителките сториле веројатно дека се ставени во понеповолна положба врз основа на нивната политичка припадност, а работодавачот не успеал да докаже дека преземените дејствија не се засноваат на оваа дискриминаторска основа, се утврдува дека во конкретниот случај е сторена **директна дискриминација врз основа на политичка припадност** кон подносителките.

Оттука произлегува дека е исполнета законската **дефиниција за дискриминација од член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација:**

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство* ***што се заснова на дискриминаторска основа****, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група* ***на еднаква основа со други.*** *Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите."*

Како и **дека е прекршен член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**: *„****Се забранува секоја дискриминација врз основа на*** *раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување,* ***политичко уверување****, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа (во натамошниот текст: дискриминаторска основа)."*

Односно **извршена е директна дискриминација како облик на дискриминација, која согласно член 8, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**: *„постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа."*

Оттука, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на ова Мислење и согласно член 27, став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ја донесе следната:

## ПРЕПОРАКА

СЕ ПРЕПОРАЧУВА ----да ги распореди ---- и ---- на претходните работни места, кои одговараат на нивните квалификации и работно искуство, на кои работеле пред назначување на новата директорка, со цел отстранување на повредата предизвикана со дискриминацијата. Препораката е потребно да се изврши **најдоцна во рок од 30 дена од денот на приемот на ова мислење и за истото ----да ја извести Комисијата.**

СЕ ПРЕПОРАЧУВА ---- во иднина да им овозможи на подносителките користење на денови од годишен одмор под еднакви услови и критериуми како и на другите вработени, без неоправдано ограничување или различен третман.

СЕ ПРЕПОРАЧУВА ---- во иднина да се воздржи од преземање на какви било дејствија или практики кои можат да доведат до дискриминација врз вработените, особено врз основа на политичка припадност или која било друга заштитна карактеристика на

вработените и да обезбеди доследна примена на принципот на еднаквост и недискриминација во своето работење.

**Доколку ---- не постапи согласно оваа препорака, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности од член 27 став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка против одговорното лице на ---- установа пред надлежен суд за прекршоци.**

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател
Душан Томшиќ

Доставено до:

- ----
- ----
- ----